Врз основа на член 20 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.М.“ бр.199/14,44/15 и 193/15),член 22,став 1,точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 5/02) и член 11 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 27.12.2019 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**За урбанистичко планирање на општина Конче**
**за 2020 година**

***А.*** Општина Конче секоја година има потреба од планирање и уредување на просторот во населените места во општината.

Просторното и урбанистичко планирање е континуирана работа со која се обезбедува изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови,кој треба меѓусебно да се усогласуваат и дополнуваат.Изработувањето и донесувањето на урбанистички план е задолжително за општината,бидејки се работи за планирање од јавен интерес.Со урбанистичко планирање се обезбедува рамномерен развој,рационално уредување и користење на простор,услови за хумано живеење и работа на граѓаните.Општина Конче има потреба од солиден урбанистички третман во населените места во општината.

Урбанистичкиот план е план за уредување и користење на земјиштето на потесно подрачје,како што е град,населба,село и друго подрачје предвидено за градба.Во зависност од просторот кој е предмет на планирањето во урбанистички планови спаѓаат:Генерален урбанистички план,Деталeн урбанистички план,Урбанистички план за село и Урбанистички план вон населено место,локална урбанистичко –планска документација.

За изработување на наведените планови Советот на општина Конче донесува годишна програма која се финансира од Буџетот на општината, заинтересираните правни и физички лица и Буџетот на РМ.

Изработување на овие планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработка на урбанистички планови.

Приоритетни планови кои треба да се утврдат со оваа програма за 2020 година се:

1. **Изработка на Архитектонско урбанистички проект (разработка )на Локална урбанистичка планска документација (индустриска зона) на КП бр.937 КО Ракитец регионален пат Р-606 Радовиш-Конче на крстосница со локален пат Долни Липовиќ-Габревци во површина од 10 ха.**
   Носител: Совет во општина Конче.
   Финансирање:Општината,заинтересирани правни и физички лица .
   Изработувач:Правни лица со лиценца.
   **Цена: 50.000,00 денари**

**2. Урбанистички план за с.Габревци во површина од 55 ха.**

Носител : Совет на општина Конче

Финансирање :,Буџет на РМ-преку Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

Изработувач : Правни лица со лиценца.

**Цена :660.000,00 ден.**

**3. Урбанистисчки план за с.Г.Липовиќ во површина од 11 ха.**

Носител : Совет на општина Конче

Финансирање : Буџет на РМ

Изработувач : Правни лица со лиценца.

**Цена : 132.000,00 ден.**

**4.Архитектонско урбанистички проект (разработка на блок Б2) од УП с.Д.Липовиќ во површина од 5.5 ха**

Носител : Совет на општина Конче

Финансирање : Буџет на општина.

Изработувач : Правни лица со лиценца.

**Цена : 50.000,00 ден.**

**5.Архитектонско урбанистички проект (разработка на блок 12 ) од УП с.Конче во површина од 5 ха**

Носител : Совет на општина Конче

Финансирање : Буџет на општина.

Изработувач : Правни лица со лиценца.

**Цена : 50.000,00 ден.**

Урбанистички план за село содржи текстуален дел и графички приказ на плански решенија,како и билансни показатели за планираните површини и градба според намената и инфраструктурата.

***Б.*** Изготвувањето на плановите е долгорочен процес кој зависи од многу фактори и услови,затоа е неопходна нивната опфатност да биде со програмата која секоја година би се надополнувала.Исто така без подготвување и објавување на вакви програми законски е неможно донесување,обновување на урбанистичките планови,а со тоа и рационално уредување на просторот и рамномерен просторен развој.

***В.*** Реализацијата на оваа програма ќе се остварува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

***Г***. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-1475/6
Дата 27.12.2019
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,